**Влада на Република Северна Македонија**
**Министерство за транспорт и врски**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

# ПРОГРАМА ЗА ПРАКТИЧНА РАБОТА И ОБУКА НА РАБОТНО МЕСТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 01-575/1
02.10. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Дел. Бр.

Датум:

м.п.

Место:

Изработил:
Наташа Гребенарова Теофиловска
Раководител на одделение

# ВОВЕД

Во согласност со член 42, став 6 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019) и Правилникот за формата и содржината на програмите за обука за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.238/2019), Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам донесува Програма за практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор, за видови: градежен инспектор и урбанистички инспектор.

Со донесување на Законот за инспекциски надзор е воспоставен целосно нов систем за стекнување со лиценца за инспектор во инспекциските служби во Република Северна Македонија. Ваквиот систем ја препознава важноста на практичната работа и обука, под надзор на ментор во создавањето на професионални и компетентни инспектори, кои претставуваат една од основните алки во успешното спроведување на законските и подзаконските акти во државата.

По завршување на девет месечната практична работа и обука на работно место, под надзор на ментор во инспекциската служба каде е вработен кандидатот за инспектор, избран преку постапка за вработување и кандидатот за инспектор вработен преку постапка за превземање на административен службеник, се полага Практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор се полага во првата закажана сесија, врз основа на член 43, став 5 од Законот за инспекциски надзор и Правилник за начинот за спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.238/2019).

Програма за практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор, се опфатени со соодветни теми од 1- (еден) модули за градежни инспектори и соодветни теми од 1 – (еден) модули за урбанистички инспектори.

# ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА

Главната цел на Програмата за практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор, е изградување на основните компетенции и вештини на кандидатите за инспектори, со што ќе се овозможи правилно воведување на идните инспектори, кои се избрани преку постапката за вработување или преку постапката за превземање на административен службеник.

1. Општи цели вклучуваат:

   - Развивање и стекнување на знаења за новитетите во законската рамка за инспекциски надзор;
   - Стекнување на вештините за општите задачи и професионално однесување при извршување на инспекциски надзор;
   - Изградба на личниот интегритет на инспекторите и
   - Изградба на интегритетот на идните инспектори.

2. Посебни (специфични) цели вклучуваат:
   - Стекнување знаења за материјалните закони во пракса доведени во надлежност на соодветните инспектори, применувајќи при тоа соодветни процедури пропишани со пропратните прописи наведени во програмата.

3. Целна група

   Според својот делокруг на работа учесниците на обуката ќе бидат:
   - Градежни инспектори и
   - Урбанистички инспектори.

Реализацијата на Програмата за обука ќе обезбеди идните инспектори да поседуваат единствен и унифициран збир на знаења и вештини, кои се од суштествено значење за нивната идна работа и значително ќе придонесат за подобрување на меѓусебната соработка и комуникација.

## ОБЛАСТИ И ТЕМИ ЗА ОБУКА

Согласно законските прописи, Програмата опфаќа повеќе теми за стекнување знаења и вештини, распоредени во неколку области, според делокругот на надлежностите што се утврдени согласно одредбите на материјалните закони, распоредени во неколку области односно модули, по кои постапуваат двата вида на инспектори во инспекциската служба и тоа:

- **I- Градежни инспектори и**
- **II- Урбанистички инспектор.**

Програмата опфаќа 9-девет месеци односно:
(9 месеци x 20 работни денови x 6 часа) или 1080 наставни часа.

**Област 1- Законодавство**
**I- Градежни инспектори**

**Модул 1 – Закон за градење**

- Тема 1.1
- Тема 1.2
- Тема 1.3

**II- Урбанистички инспектор**

**Модул 1 – Закон за урбанистичко планирање**

- Тема 1.1
- Тема 1.2
- Тема 1.3

## ПРИЧИНА ЗА ПРЕДВИДЕНИТЕ ОБУКИ

Со Законот за инспекциски надзор е утврдено дека Инспекцискиот совет и инспекциската служба ќе „воспоставуваат и одржуваат систем за стручно усовршување и обука на кандидати за инспектори во инспекциските служби ....„ а последователно Инспекцискиот совет ќе донесува: „Програма за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор„ и „Програма за испит за лиценца за инспектор – општ дел, а инспекциската служба (Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам), покрај оваа програма ќе ја донесува и „Програма за испит за лиценца за инспектор – практичен дел„.

Главната причина за обуките на работно место на кандидатите за инспектор е потребата од изградба и зајакнување на капацитетите на државната администрација за доследно спроведување на законските прописи во Република Северна Македонија, како еден од клучните предуслови во евроинтегративните процеси на државата.

Предвидените области и теми за обука на инспектори се резултат на потребите за стручно усовршување и обука, со која се идентификувани најрелевантните потребни теми за обука, но и најефикасните методи за спроведување на обуките за инспекциската служба.

Стратешките основи на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам е соодвенто јакнење и развивање преку обука и стручно усовршување за да врши организирани, ефикасни, квалитетни, функционални инспекциски надзори од соодветната област на делување на територијата на Република Северна Македонија, зајакнување на владеењето на правото и организираниот криминал.

## ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на спроведувањето на Програма за практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор, ќе се организира со средства од Буџетот на Република Северна Македонија, наменски предвидени и распределени во буџетот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, како и други извори кои тековно ќе бидат обезбедени или пренаменети.

Вкупните финансиски средства за реализација на Програма за практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор се околу 35.000 денари по инспектор (кандидат), земајќи го во предвид планот за вработување.

# НАЧИН И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Програма за практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор, ќе се реализира на две основни начини:

- Во класична училница, опремена со соодветни технички материјали и опрема,
- Како on-line обука, односно електронско учење.

Програмата ќе ја реализираат, односно обуките, ќе бидат изведувани од искусни административни службеници – ментори од редот на вработените (од раководни инспектори), а доколку такви нема, тогаш инспектор од ниво В1, со најмалку пет години искуство како инспектор, како и од надворешни стручни лица, кои треба да поседуваат соодветно искуство и знаење за модулот/темата на обука. Основачите-менторите, треба да поседуваат професионални квалитети во смисла на репертоар на методи и техники на обука, да бидат организирани и систематични, да умеат да ги користат техничките средства кои се потребни, со силни вештини за комуникација, емпатија, толеранција, почитување на различностите и сл.

Воспоставувањето на ефективен и ефикасен систем на обука бара јасна распределба на функции, задачи и ресурси поврзани со обуките.

**ДИРЕКТОР**

Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, ја одобрува обуката и врши надзор над нејзината имплементација, дава согласност за менторство, одобрува интерни акти поврзани со обуката, номинира обучувачи – ментори од редот на вработените (од раководни инспектори), а доколку такви нема, тогаш инспектор од ниво В1, со најмалку пет години искуство како инспектор и ги идентификува можните извори на финансирање, неопходни за да се имплементира обуката.

**МЕНТОР**

Обучувачот-менторот, изготвува нацрт пропис за обука, ги идентификува целните групи (на кандидатите за инспектори, кои се избрани преку постапка за вработување или преку постапка за превземање на административен службеник), го организира процесот на обука, изработува план за реализација, врши мониторинг на нивната имплементација, обезбедува соодветна литература за цеките на обуката. Главната улога на менторот е преку развивање на менторска програма да се пренесат знаења, искуство, а со нејзино реализирање да се овозможи професионален развој на кандидатот за инспектор.

# ОДГОВОРНОСТИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПРОГРАМАТА

## 1.1 Одговорности на кандидатот за инспектор:

- Да покаже интерес и мотивација за спроведување на обуката;
- Да ги заврши сите задачи или активности што се договорени со менторот во дадениот временски рок;
- На време да доаѓа на менторските состаноци и да го почитува времето на менторот;
- Во разумен период пред одржување на менторскиот состанок да го извести менторот ако неможе да учествува на менторскиот сосотанок, или ако не ја извршил работата/задачата зададена на претходниот состанок;
- Да биде подготвен отворено да дискутира за проблемите поврзани со работата и за други проблеми што влијаат врз неговата работа и
- Да се однесува доверливо кон она за што се дискутирало на менторскиот состанок.

## 1.2 Одговорности на менторот:

- Да одржува менторски состаноци и составува записници од истиот со насоки за следниот состанок, согласно динамиката утврдена со оваа програма;
- Да покаже интерес и разбирање за кандидатот, да разговара, да му пренесува вештини, знаења и искуства на кандидатот за инспектор, да му помага за самостојно извршување на задачите, да го охрабрува и поддржува, да му дава совети и упатства за завршување на зададените задачи;
- Да биде достапен разумно време од работниот ден за кандидатот, доколку постои потреба од дополнителна помош и упатства за завршување на зададените задачи;
- Да ја следи работата на кандидатот и да ги евидентира неговите активности, врз основа на кои ќе даде оценка за покажаните резултати за време на обуката;
- Менторот не треба да ги извршува работните задачи на кандидатот:

- Менторот треба да идентификува соодветни програми за обука на кандидатот.

Програма за практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор, ќе се реализира преку организирање на групи или поединечни кандидати за инспектори, а деталниот временски распоред ќе зависи од инспекциската служба.

Вкупното времетраење за спроведување на обука за стекнување на лиценца за инспектор, под надзор на ментор во инспекциската служба каде е вработен кандидатот за инспектор, избран преку постапка за вработување и кандидатот за инспектор вработен преку постапка за превземање на административен службеник, изнесува девет месеци односно 180 работни денови или 1080 часови, пооделно поделени во групи посебно за видот на инспектор – целната група (градежен или урбанистички)

Дневната програма е препорачано да биде концепирана согласно следните елементи:

- Еден работен ден од обуката ќе трае 6 часа (со вклучени паузи од вкупно час и половина)
- Еден ден од работниот дел на обуката ќе биде поделен на 4 сесии – две сесии од по 60 минути и две сесии од по 45 минути
- На почетокот на секоја обука 30 минути ќе бидат посветени на Вовед во обуката (10 минути) и на детектирање на Влезно знаење на учесниците (20 минути)
- На крајот од секоја обука 30 минути ќе бидат посветени на Евалуација на обуката (10 минути) и на детектирање на Излезно знаење на учесниците (20 минути)
- Една обука ќе биде во времетраење од еден ден за една целна група.

Кандидатите за инспектор, по завршување на секој модул-тема, континуирано ќе бидат следени и оценувани за што се планира да се врши проверка на примената на знаењето и тоа преку еден од следниве начини: завршни тестови, усни презентации, студии на случај и слично, со цел насочување на кандидатите и обезбедување помош за полагање на завршниот испит за стекнување со лиценца за инспектор.

Успешноста во следењето на обука по модул – тема од сесија, ќе се обезбедува од завршни тестови, усни презентации, студии на случај и слично, а за успешно

завршена обука по модул – тема од сесија, ќе се смета доколку кандидатот за инспектор точно одговори на најмалку две третини од поставените прашања, ако успешно ја завршил студијата на случај, како и други методи на утврдување на неговата успешност, врз основа на интересот за зададените задачи од страна на менторот.

Секој тема од Програмата, ќе биде детално разработена со План за обука, кој ќе содржи:

- Назив на модулот – темата и вкупниот број на часови
- Конкретни цели на модулот – темата
- Структурирање на содржината на обуката
  - Наслов на темата
  - Број на часови
  - Конкретни цели на темата
  - Дидактички материјали
- Методи на обучување и активности за учење
  - Активности на кандидатот за инспектор
  - Активности на обучувачот – менторот

Литература која ќе се користи на обуките се делови од горенаведените Законски прописи, како и компјутерски програми, симулатори и друга потребна опрема.

Во текот на обуката ќе се употребуваат следниве методи и техники:

- Дискусија и разговор
- Номинално – групна работа
- Интернет пребарувања
- Power point презентации
- Други софистицирани техники

  *Материјалите ке бидат дистрибуирани по електронска пошта.*

Реализацијата на Програмата за практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор, го организира и спроведува Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

## ПРИЛОГ КОН ПЛАНОТ

Во Табела бр.1 на прегледен начин е прикажана содржината на програмата, времетраењето на темите, начинот на нивна реализација и временскиот распоред за нивно реализирање.

**Табела 1 – *Табеларен приказ на обуки***

| **Број** | **Модул/тема** | **Број на часови** | **Начин на реализација (училница/on-line)** | **Проценети финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|
| **I – Градежен инспектор:** | | | | |
| 1 | **Модул 1 – Закон за градење** | 18+18 | | |
| | Тема 1.1 Начела и организација | 6 + 6 | училница/on-line | |
| | Тема 1.2 Права, обврски и овластувања на инспекторите | 6 + 6 | училница/on-line | |
| | Тема 1.3 Прекршочни одредби | 6 + 6 | училница/on-line | |
| **II – Урбанистички инспектор:** | | | | |
| 2 | **Модул 1 – Закон за урбанистичко планирање** | 18 + 18 | | |
| | Тема 1.1 Начела и организација | 6 + 6 | училница/on-line | |
| | Тема 1.2 Права, обврски и овластувања на инспекторите | 6 + 6 | училница/on-line | |
| | Тема 1.3 Прекршочни одредби | 6 + 6 | училница/on-line | |